Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/2013, 139/14 и 196/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на --------- година, донесе

# О Д Л У К А

## за формирање на Совет за соработка ~~помеѓу Владата на Република Македонија и~~ и развој на граѓанскиот сектор

### Член 1

Со оваа одлука се формира Совет за соработка ~~помеѓу Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) и~~ и развој на граѓанскиот сектор (во натамошниот текст: Совет), како советодавно тело на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор во Република Македонија.

### Член 2

(1) Советот ги врши следните работи:

- ~~го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата;~~
- ~~го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор;~~
- ја следи и анализира јавната политика која се однесува и/или влијае на граѓанскиот сектор;
- иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите;
- дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанскиот сектор;
- го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор;

- **учествува во подготовката и** го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата;
- дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор;
- ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика преку доставените извештаи за спроведени консултации од страна на органите на државната упава и дава препораки за нејзино унапредување;
- дава предлози при планирањето на ~~приоритетните~~ областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите од Буџетот на Република Македонија;~~,~~
- ги разгледува годишните извешта на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки и
- разгледува предлози на организации и зазема ставови по прашањата од негова надлежност;
- усвојува годишен извештај за својата работа за претходната година, што го објавува на веб страната на Генералниот секретаријат - организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор и го доставува до Владата и јавноста за информирање.

(2) Советот одржува најмалку четири седници годишно.

(3) Начинот на работа на Советот се уредува со деловник за работа.

Член 3

(1) Советот е составен од ~~27~~ 31 членови кои ги назначува Владата.

(2) ~~14~~ 15 членови на Советот, Владата ги назначува од редот на вработените во органите на државната управа, на работно место од категорија Б – раководни административни службеници согласно Законот за административни службеници, со најмалку три години искуство во соодветната област и познавање на граѓанскиот сектор, на предлог од:

- Министерството за внатрешни работи;
- Министерството за правда;
- Министерството за финансии;
- Министерството за економија;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерството за здравство;
- Министерството за образование и наука;

- Министерството за труд и социјална политика;
- Министерството за локална самоуправа;
- Министерството за култура;
- Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Министерството за информатичко општество и администрација;
- Секретаријатот за европски прашања;
- Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и
- Агенцијата за млади и спорт.

(3) 13 16 членови на Советот, Владата ги назначува на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, преку јавен повик, од следните области:

- развој на граѓанското општествоиот сектор;
- демократија и владеење на правото;
- промоција и заштита на човековите права и антидискриминација;
- економски и одржлив развој;
- наука, образование и доживотно учење;
- активизам на младите;
- социјална заштита и заштита на деца;
- заштита на маргинализираните лица; и
- родова еднаквост;
- заштита на здравјето и унапредување на квалитетот на живеењето;
- земјоделство и рурален развој;
- култура;
- медиуми и информатичко општество;
- заштита на животната средина;
- спорт и
- ЕУ интеграции и политики.

(4) Советот, на првата седница, определува претседател на Советот од редот на членовите од ставот (3) на овој член и заменик на претседателот од редот на членовите од ставот (2) на овој член, кој го заменува претседателот во случај на негова спреченост или отсутност.

(5) Членовите на Советот се назначуваат за период од три години, со право на уште еден избор.

Член 4

Предлозите за членови на Советот од органите на државната управа се доставуваат во писмена форма, по претходно барање од Генералниот секретаријат на Владата.

Член 5

(1) Секоја организација може да предложи еден кандидат за член на Советот во само една од областите на дејствување од член 3 став (3) на оваа одлука ако:

- се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на јавниот повик;
- во статутот имаат утврдено дејности и цели во областа на дејствување од член 3 став (3) на оваа одлука за која предлагаат кандидат;
- работењето и дејствувањето е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата;
- располагаат со организациски, технички и човечки капацитети за координација и застапување на организациите кои се пријавуваат да ги претставуваат;
- во последните две три години, во областа на дејствување од член 3 став (3) на оваа одлука за која предлагаат кандидат, членувале во мрежи или платформи или учествувале во активности за мониторинг, застапување или лобирање за унапредување на граѓанскиот сектор или учествувале во работни групи за изработка на закони/стратегии или реализирале еден или повеќе проекти во соработка со други организации или со органи на државната управа или организирале координативни активности за организациите.

(2) Кандидатите за членови на Советот предложени од организациите треба да ги исполнуваат следните услови:

- да поседуваат најмалку три години работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор во областаод член 3 став (3) на оваа одлука за која се предлагаат како кандидат;
- да имаат експертиза по прашања од граѓанскиот сектор во областа на дејствување од член 3 став (3) на оваа одлука за која се предлагаат како кандидат (број на спроведени проекти како експерти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување мрежи или платформи и сл.).);
- да не се членови на органи на политички партии;
- да не се избрани или именувани лица;
- да не се вработени во орган на државната управа.

Член 6

(1) Јавниот повик за избор на членови на Советот од организациите го објавува Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор во средствата за јавно информирање и на својата веб страница.

(2) Јавниот повик за избор на членови на Советот од организациите трае 15 дена.

(3) Пријавите за избор на членови, организациите ги доставуваат во писмена форма, кон која прилагаат:

- копие од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата;
- копие од статутот;
- копие од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за претходната година или изјава доставена до Централниот регистар дека во претходната година имале приход помал од 2.500 евра во денарска проттивредност според курсот на Народна банка Република Македонија;
- ~~уверение за платени даноци издадено од даночните органи;~~
- ~~годишен~~ извештај за работата со цели, активности, резултати и извори на финансирање~~со референтна листа на активности на организацијата~~ во последните три години;
- биографија на кандидатот со референтна листа на активности од областа на граѓанскиот сектор;
- мотивациско писмо од кандидатот со листа на приоритетни прашања за развој на граѓанскиот сектор и план за ~~застапување,~~ координација и комуникација со~~на~~ граѓанските организации~~от сектор~~ во областа за која се предлага.

Член 7

(1) Најдоцна осум дена од завршувањето на јавниот повик, Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор изготвува извештај за бројот на пријавени организации со кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот повик во секоја од областите на дејствување од член 3 став (3) на оваа одлука.

(2) Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор извештајот од ставот (1) на овој член со придружните документи за секој пријавен кандидат го објавува на својата веб страна, со повик до организациите да го дадат својот глас само за еден од кандидатите во областа на нивното дејствување.

(3) Најдоцна 15 дена од објавувањето на повикот за гласање, организациите по пошта или преку електронска пошта го доставуваат својот глас само за еден кандидат во областа во која дејствува организацијата. Организациите не гласаат за кандидатот од нивната организација.

(4) Секоја активна организација регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија може да гласа за само еден кандидат во една област.
(5) Најдоцна осум дена по завршувањето на гласањето од ставот (3) на овој член, Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор изготвува листа на кандидати според бројот на добиени гласови за секоја од областите на дејствување од член 3 став (3) на оваа одлука.
(6) Листата на кандидати од ставот (5) на овој член Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор ја објавува на својата веб страна.
(7) Доколку за некоја од областите на дејствување од член 3 став (3) на оваа одлука не се пријават кандидати или ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува условите пропишани со оваа одлука, Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор повторно распишува јавен повик за избор на член на Советот од организациите само за таа област на дејствување.
(8) Повторното распишување јавен повик од ставот (7) на овој член не претставува пречка за назначување на членовите и работа на Советот доколку Листата на кандидати содржи кандидати во најмалку 12 области на дејствување од член 3 став (3) на оваа одлука.
(~~8~~9) Во случај кога има два или повеќе прворангирани кандидати, гласањето ќе се повтори само во таа област најдоцна 15 дена од објавувањето на Листата на кандидати.

Член 7-а

(1) Право да присуствуваат на работата на Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор во постапката за избор на членови на Советот од редот на организациите, имаат двајца членови на Советот од редот на организациите од претходниот состав.
(2) Во постапката за избор на членови на првиот состав на Советот, право да присуствуваат на работата на Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор во постапката за избор на членови на Советот од редот на организациите, имаат двајца претставници на организации поканети од Генералниот секретаријат на Владата.

Член 8

Генералниот секретаријат на Владата предложените кандидати од органите на државната управа и листата на кандидати од организациите со најголем број

на гласови по областите на дејствување од член 3 став (3) на оваа одлука, ги доставува до Владата, за назначување на членовите на Советот.

Член 9

(1) Членувањето во Советот престанува поради:

- лично барање;
- неоправдано отсуство од седниците на Советот подолго од шест месеци или две последователни седници;
- работење спротивно на одредбите од Законот за здруженија и фондации и од деловникот за работа на Советот;
- престанок на исполнување на условите од член 5 став (2) на оваа одлука;
- поради истек на времето за кое се назначени.

(2) На членовите на Советот предложени од органите на државната управа, покрај основите од ставот (1) на овој член, членувањето во Советот им престанува и ако им престанал статусот на вработен или ако настанат промени во работните задачи на вработениот во органот од кој се предложени.

(3) Ако на член на Советот од редот на организациите му престане членувањето во Советот според еден од условите утврдени во став (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член, се објавува нов јавен повик за избор на член за остатокот од времето на назначување за член на Советот.

Член 10

На предлог на претседателот или член на Советот во работата на Советот може да учествуваат и стручни лица од определени области, заради давање мислења по прашањата што се на дневен ред на седницата.

Член 11

(1) Административно-техничките работи на Советот ги врши Генералниот секретаријат на Владата.

(2) Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор:

- се грижи за обезбедување на услови за работа на Советот;
- ги подготвува седниците на Советот;
- подготвува годишен извештај за работа на Советот за претходната година;
- одржува електронска база на податоци за работата на Советот, ги објавува дневниот ред и записниците од седниците на Советот;
- врши и други работи утврдени со оваа одлука и деловникот за работа на Советот.

Член 12

(1) Членовите на Советот учествуваат во работата на Советот без надомест.

(2) Членовите на Советот од редот на организациите со седиште надвор од Скопје имаат право на надомест на патните трошоци за присуство на седниците на Советот во висина на вистинските трошоци за јавен превоз.

Член 13

Членовите на Советот се назначуваат најдоцна три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 14

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.